# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.113 од 29.07.2014 година**

**Член 1**

Со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14 и 44/14), во членот 53 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

"Невработено лице или друго лице кое што бара работа не може да биде евидентирано во регистрите доколку има склучено договор за дело, авторски договор или друг договор за кој се плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување согласно со закон за периодот за кој е склучен договорот."

**Член 2**

Во членот 100 став 3, по зборот "лице" се додаваат зборовите: "или друго лице кое бара работа".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.